# *С О О П Ш Т Е Н И Е*

ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ НА ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ***ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР*** ВО АКАДЕМСКАТА ***2026/2027*** година ЗА СИТЕ СТУДЕНТИ НА **ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ** НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

---

**Запишувањето на предметите од зимскиот семестар во Iknow системот е задолжително пред да ги донесете документите на шалтерот на Одделението за студентски прашања.**

**Електронското запишување на предметите од зимскиот семестар во Iknow системот ќе се одвива од 01.09.2026 до 30.09.2026 година.**

Заверувањето на летниот семестар и запишувањето на зимскиот семестар – ВО ИНДЕКС- во академската 2026/2027 година, за студентите на прв циклус студии на сите студиски програми, ќе се врши на шалтерот на Одделението за студентски прашања од 11-13:00 часот, според следниот распоред

- **Студентите од II година 22.09.2026 година (вторник)**
- **Студентите од III година 23.09.2026 година (среда)**
- **Студентите од IV година 24.09.2026 година (четврток)**
- **Апсолвенти 25.09.2026 година (петок)**

***<u>УСЛОВИ ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ НА СЕМЕСТАРОТ</u>***

1. Студентот може да го завери летниот семестар само ако ги исполнил академските обврски за сите предмети што ги запишал во дадениот семестар.
Потврда за исполнети академски обврски за предмет претставува добиен потпис од наставникот во индексот на студентот и во електронскиот I KNOWсистем.
2. При заверка на семестарот, доколку на студентот му недостасуваат потписи од предметни наставници, ќе му биде овозможено да направи само адинистративна заверка на семестарот, согласно анексот.
Со административната заверка на семестарот студентот **не се стекнува со право да полага испит по предметните програми за кои не ги завршил обврските.** Овие предмети, студентот е должен да ги презапише и ислуша во следната учебна година.

***<u>ПРИ ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАРОТ,СТУДЕНТИТЕ ТРЕБА ЗАДОЛЖИТЕЛНО:</u>***

- **Да го запишат електронски семестарот во Iknow системот** и да изберат предмети во истиот семестар;
- **Изјава за изборни предмети** (се пополнува во ФСС на ФЗНХ, просторија бр. 38А и се доставува до Одделението за студентски прашања);
- **Индекс** (во кој се запишани претходно електронски избраните предмети (Iknow) согласно со долунаведеното упатство **(<u>Прилог 1</u>**) ;
- **Статистички образец ВОИ.20** (се пополнува електронски – **<u>Прилог 3</u>**);

**Уписот не е направен без поднесување на потребните документи во Одделението за студентски прашања.**

- **Онлајн плаќање преку Iknow системот**

Студентите можат да ја користат можноста за онлајн плаќање преку Iknow системот. Во делот за запишување на нов семестар на студентската страна, на студентот ќе му биде прикажан износот кој треба да го плати како школарина (според бројот на запишани кредити), како и на сите други дополнителни плаќања за соодветниот зимски/летен семестар, вклучувајќи ја и провизијата, **откако избраните запишани предмети ќе бидат валидирани од Одделението за студентски прашања.**

Преку Iknow системот НЕ МОЖЕ да се реализира плаќање на рати.

Со клик на копчето "Плати онлајн" студентот се пренасочува кон страната за онлајн плаќања на која треба да ги внесе информациите за својата дебитна/кредитна картичка.

1. **За оние студенти кои не направиле онлајн уплата преку Iknow системот**

**ПОТВРДА** за уплатени **100/200 евра** за редовни студенти / односно за студенти со кофинансирање или вонредни студенти со назнака**: за запишување зимски семестар 2026/27** (согласно бројот на запишани предмети / кредити - со електронско запишување во Iknow системот го дава износот за уплата) во денарска противвредност според средниот курс на НБРСМ на денот на плаќањето.

**ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ЗИМСКИ СЕМЕСТАР 2026/27**
**НАЗИВ НА ПРИМАЧ: БУЏЕТ НА РСМ - ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ**
**БАНКА НА ПРИМАЧ: НБРСМ**
**ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095**
**СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК: 1600104545 788 10**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 723012 ПРОГРАМА 41**

2. **ПОТВРДА** за уплатени **750,00 денари – за информативни, информатички, културни и спортски активности** на студентите на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: ИКСА на УКИМ за ФЗНХ – Скопје**
**НАЗИВ НА ПРИМАЧ: БУЏЕТ НА РСМ – УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**БАНКА НА ПРИМАЧ: НБРСМ**
**ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095**
**СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК: 1600103689 788 18**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 723012 ПРОГРАМА 41**

3. **ПОТВРДА** за уплатени **100,00 денари – за електронско запишување и заверување на семестар**

**ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ЗАПИШУВАЊЕ И ЗАВЕРУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР ЗА ФЗНХ**
**НАЗИВ НА ПРИМАЧ: БУЏЕТ НА РСМ - УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**БАНКА НА ПРИМАЧ: НБРСМ**
**ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095**
**СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК: 1600103689 788 18**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 723019 ПРОГРАМА 41**

4. **ПОТВРДА** за уплатени **1.500,00 денари – за материјални трошоци за реализација на практична и теренска настава** на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје

**ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: ЗА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА ФЗНХ – СКОПЈЕ**
**НАЗИВ НА ПРИМАЧ: БУЏЕТ НА РСМ – ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ**
**БАНКА НА ПРИМАЧ: НБРСМ**
**ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095**
**СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК: 1600104545 788 10**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 723019 ПРОГРАМА 41**

## НАПОМЕНА

1. **Секој студент што запишува зимски семестар е должен да изврши избор на предмети што ќе ги слуша во зимскиот семестар според следните правила :**
**- По правило студентот во секој семестар запишува предмети до најмногу 35 кредити;**
**- При запишувањето на семестарот студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни предмети од претходниот зимски семестар, потоа неположените изборни предмети од претходниот зимски семестар,потоа**

**задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што вкупните студиски обврски во семестарот да не го надминат бројот од 35 кредити;**

**- Условот за запишување на повеќе од 35 кредити е: положени предмети и реализирани сите кредити од сите претходно запишани предмети и просечна оцена најмалку 8,5. Студентите кои запишуваат поголем број кредити од 35, поднесуваат Барање за одобрување запишување поголем број кредити (во писмена форма, до продеканот за настава на Факултетот, преку архивата на Факултетот).**

**2. Согласно Правилата за студирање студентот го губи статусот на студент запишан во државна квота (квота со партиципација) и ги продолжува студиите во квота со кофинансирање (квота со школарина) ако :**
**- еден предмет запише по трет пат;**
**- не освоил најмалку 50% од запишаните ЕКТС кредити во зимскиот семестар од претходната учебна година.**
**Оваа одлука се однесува при запишување на сите наредни зимски/летни семестри.**

**3. Право за доделување школарина (ослободување од партиципација) имаат сите редовни студенти кои студираат на прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, кои не повторувале студиска година во текот на студирањето и ги имаат положено сите предвидени предмети во студиската година, заклучно со 30 септември секоја академска година.**
**Критериум за доделување школарина е студентот да одржува континуиран просечен успех над 9,50 од првата до последната завршена студиска година, заклучно со 30 септември секоја академска година.**

**4. Студентите запишани заклучно со академската 2018/2019 година, а кои нема да дипломираат до 30.09.2026 година, можат да го продолжат своето образование на соодветната активна студиска програма со доставување на барање со 50 ден. административна такса, уплата од 3.000 ден. на жиро сметка на Факултетот (цел на дознака: за премин од стара на нова студиска програма), уплата од 100 ден. на жиро сметка на Факултетот (цел на дознака: решение) и уверение за положени испити.**

**5. Студентите кои пријавиле дипломска работа не запишуваат семестар, ако ја одбранат заклучно со 15 октомври 2026 год. Студентите кои нема да одбранат дипломска работа до овој датум, треба да ја презапишат дипломската работа (износ на ЕКТС кредити) и да запишат административен семестар со уплата од 1.000 ден. на жиро сметката на Факултетот за земјоделски науки и**

**храна и 100 ден. на жиро сметката на УКИМ за електронско запишување и заверување на семестар.**

**- ПРИЛОГ 1 -**

**УПАТСТВО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ/ПРЕЗАПИШУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ**

**ПРЕЗАПИШУВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ИНДЕКСОТ Е ИСКЛУЧИТЕЛНО ПО СЛЕДНИОТ РЕДОСЛЕД:**

- **НЕПОЛОЖЕНИ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ**
- **НЕПОЛОЖЕНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ**
- **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОД ТЕКОВЕН СЕМЕСТАР**
- **ИЗБОРНИ ОД ТЕКОВЕН СЕМЕСТАР**

  *вкупниот број на кредити да не надминува 35 ЕКТС

| **-ПРИЛОГ 2- РОКОВИ** | | |
|---|---|---|
| Запишување на зимски семестар согласно Академскиот календар на активности | 22.09.2026 – 30.09.2026 | / |
| Запишување на зимски семестар после предвидениот рок | 05.10.2026 – 15.10.2026 | Со поднесено барање со образложение и уплата од 1.500 ден. на жиро сметка на Факултетот (цел на дознака: запишување на семестар по истекување на рокот) |
| Промена на статус од редовен во вонреден или обратно | До 15.10.2026 | Со поднесено барање со образложение и соодветна документација, како доказ за преминот и уплата од 1.000 ден. на жиро сметката на Факултетот (цел на дознака: промена на статус од редовен во вонреден или обратно) |
| Мирување на студиите | До 15.10.2026 | Со поднесено барање со образложение и соодветна документација, како доказ за причините на мирувањето и уплата од 2.000 ден. на жиро сметката на Факултетот (цел на дознака:мирување на студиите) |
| Рок за одбрана на дипломска работа | До 15.10.2026 | Студентите не запишуваат зимски семестар во академската 2026/2027 година |

**- ПРИЛОГ 3 -**

## Статистички образец ВОИ.20

До услугата може да се пристапи директно на линкот https://uslugi.gov.mk/apply-for-service.nspx?apsUniqueName=DZS-5793

или со скенирање на QR-кодот:

Секој студент потребно е да има активен кориснички профил на **ниско ниво** за да го пополни образецот и притоа од системот ќе добие два официјално потврдени документи со електронски печат на ДЗС:

1. Генериран образец и
2. Потврда за успешно доставен образец.

**Студентите се должни еден од овие документи да го достават во хартиена форма до Одделението за студентски прашања во роковите утврдени за упис на зимски семестар или да ги достават електронски на електронската адреса studentskiprasanja@fznh.ukim.edu.mk.**

Електронската порака треба да содржи во **Subject: број на индекс, име и презиме и студиска програма и задолжително, во прилог потврдата за успешно доставен образец.**

Доставувањето на образецот ВОИ.20, во хартиена или во електронска форма, е **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** при уписот на зимскиот семестар.

*ОД ДЕКАНАТОТ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ*